# ПРОМОЦИЈА НА ЗДРАВЈЕ СПРОВЕДЕНА ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ НА 2019 ГОДИНА

Промоцијата на здравјето на населението на подрачјето што го покрива Центарот за јавно здравје Скопје и во првото полугодие од 2019 година продолжи со здравствено-едукативни активности согласно задачите од Националната Годишна Програма за јавно здравје на Р. Македонија за 2019 година и според Предлог - годишниот план за промоција на здравјето на Центарот за јавно здравје Скопје.

Едукацијата се спроведуваше согласно Планот за работа и Националната годишна програма за јавно здравје во **основните училишта**, **средните училишта**, во **установи за згрижување на мали деца** и во **установи за згрижување на стари лица**, како и по барање на установите, но во координација со општините на градот Скопје.

За таа цел се спроведуваше здравствена едукација на сите популациони групи со одржување на предавања, трибини, индивидуални и групни едукации на населението.

Беа посетени **8 основни училишта** и нивни подрачни единици, **7 средни училишта**, **две детски градинки** и **четири установи за згрижување на стари лица**.

Едукациите се спроведуваа и во Центарот за јавно здравје Скопје, во Советувалиштето за откажување од пушење и во Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје.

Исто така, доктори специјалисти, општи доктори, дипл. медицинска сестра, дипл. педагог и дипломирани социјални работници вработени во Одделението за социјална медицина при ЦЈЗС, земаа активно учество на

едукативни обуки, работилници и други семинари како во, исто така, и вон Центарот за јавно здравје Скопје.

Начелно, во Скопскиот регион едукациите во *основните училишта* беа реализирани со 194 предавања, со опфат на 3374 ученици.

На *подрачјето на Скопскиот регион, во средните училишта беа одржани 529 предавања, со опфат на 9867 ученици*.

Во предучилишните установи за згрижување на мали деца од една до шест години беа опфатени 165 деца со одржани 8 едукации.

Беа одржани и 6 предавања на 142 стари лица во четири Старски дома за згрижување на стари лица.

Во основните и средните училишта беа одржани вкупно 14 трибини со опфат на 338 ученици на теми поврзани со едукативните предавања според Планот за работа.

Во *Советувалиштето за откажување од пушење* при Центарот за јавно здравје Скопје, беа одржани 5 групни предавања и беа анкетирани 50 лица, но за индивидуални едукации немаше интерес.

Бидејќи во *Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје* при Центарот за јавно здравје Скопје, во првото полугодие од 2019 година немаше интерес за негова посета, стручни кадри од нашето Одделение посетија средни училишта во градот Скопје, при што беше спроведено анкетно истражување на 169 ученици, кои воедно и беа посоветувани со 113 совети од областа на сексуалното и репродуктивното здравје.

# I Здравствена едукација на предучилишни деца

Во општина Центар и општина Чаир беа посетени јавни детски установи за згрижување на предучилишни деца, со опфат на 161 дете и одржани 8 предавања на темите „Лична хигиена“ и „Здравствен бенефит од редовни физички активности“. Предавањата беа одржани во ЈУДГ „Р.Ј. Корчагин“ во општина Центар и во ЈУДГ „Снежана“ во општина Чаир.



**ЈДГУ „Р.Ј.Корчагин“ – општина Центар**

# II Здравствена едукација на ученици во основните училишта

Во основните училишта на подрачјето на Скопје, беа одржани вкупно 194 предавања со опфат на 3374 ученици. Предавањата беа одржани во општините: Центар, Чучер Сандево, Чаир, Аеродром, Карпош, Зелениково и Гази Баба, во следните училишта:

- О.У. “11 Октомври”  Општина Центар
- О.У. “Кирил и Методиј”  Општина Чучер Сандево
- О.У. “Александар Урдаревски” Општина Чучер Сандево

- О.У. “Хасан Приштина” Општина Чаир
- О.У. “Димитар Македонски” Општина Аеродром
- О.У. “Владо Тасевски” Општина Карпош
- О.У. “Марко Цепенков”  Општина Зелениково
- О.У. “Његош”  Општина Гази Баба, с.Јурумлери



**О.У. “Димитар Македонски” – општина Аеродром**



**О.У. “Хасан Приштина” – општина Чаир**




**“О.У. Његош“ - општина Гази Баба, с.Јурумлери**

Во споменатите училишта предавањата беа одржани  на следните теми:

- Лична хигиена
- Исхрана – Здрави училишни оброци
- Здравствен бенефит од редовни физички активности
- Болести на зависност

## III Здравствена едукација на ученици во средните училишта

Одделението за социјална медицина преку Отсекот за промоција на здравјето, здравствено воспитната активност ја спроведуваше и во средните училишта во градот Скопје.

За таа цел во првото полугодие од 2019 беа посетени  следните средни училишта: СУГС “Васил Антевски Дрен“  во општина Кисела Вода, СУГС “Сарај“ во општина Сарај, СУГС “Никола Карев“  во општина Карпош, СМУГС “Панче Караѓозов“ во општина Центар, СУГС “Здравко Цветковски”

во општина Карпош, СУГС “8 септември” во општина Гази Баба и СУГС “М. К. Склодовска” во општина Аеродром.

Во споменатите училишта беа одржани вкупно 529 предавања со опфат на 9867 ученици.

Предавањата беа одржани на следните теми:

- Исхрана - Здрави училишни оброци
- Сексуално-преносливи инфекции и
- СИДА



**СМУГС “Панче Караѓозов” – општина Центар**



**СУГС “Здравко Цветковски  Гуц” – општина Карпош**



**СУГС “8 септември“ – општина Гази Баба**



**СУГС “М.К. Склодовска“ општина Аеродром**

## IV Одржани трибини во основните и средните училишта

Во прво полугодие од 2019 година беа одржани 14 трибини во основните и средните училишта во општините Центар, Сарај, Карпош, Чаир, Гази Баба, Зелениково и во Аеродром и тоа во следните училишта:

- О.У. “11 Октомври“ Општина Центар (1)
- СУГС “Сарај“ во општина Сарај (3)
- СУГС “Никола Карев“ Општина Карпош(2)
- О.У. “Хасан Приштина” Општина Чаир (1)
- СМУГС “Панче Караѓозов“ општина Центар (2)
- СУГС “8 септември“ Општина Гази Баба (2)
- О.У. “Владо Тасевски” Општина Карпош(1)
- О.У. “Марко Цепенков“ Општина Зелениково (1)
- СУГС “М.К. Склодовска” Општина Аеродром (1)

Беа одржани предавања со интерактивно учество на учениците на следните теми:

- Сексуално-преносливи инфекции (7)
- Болести на зависност (2)
- Здравствен бенефит од редовни физички активности (3)
- Исхрана – здрави училишни оброци (2)

На предавањата се користеа здравствено-воспитни средства (брошури и флаери) изготвени од Отсекот за промоција на здравјето при ЦЈЗС како и пропаганден материјал од Министерство за здравство и од Институтот за јавно здравје на РМ.

## V Во состав на Одделението за Социјална медицина функционираат две Советувалишта :

-Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје и

-Советувалиште за откажување од пушење.

## Советувалиште за сексуално и репродуктивно здравје

Во првото полугодие од 2019 година, од Центарот за јавно здравје Скопје беа одржани 4 предавања од областа на сексуално и репродуктивно здравје на 169 ученика во средните училишта со вкупно дадени 113 совети. Исто така беше спроведено анкетно истражување на 169 ученика, на кои им беа поделени 62 флаери и брошури на следната тема: Најчести прашања и одговори за Вашето сексуално и репродуктивно здравје.

## Советувалиште за откажување од пушење

Во првото полугодие од 2019 година, во Центарот за јавно здравје Скопје, немаше интерес од клиенти за посета на Советувалиштето за откажување од пушење.

За таа цел, бидејќи при анкетното истражување на клиентите кои ги посетуваат Обуките за основни знаења за безбедност на храната, е констатирано дека повеќе од половина пушат цигари, истите беа поканети да го посетат Советувалиштето за откажување од пушење, да донесат самостојна одлука за започнување со откажување од пушење со помош на индивидуална едукација и третман со метод кој го спроведува тим од лекар и медицинска сестра. Со таа цел на клиентите беа спроведени пет групни едукации на 50 клиенти.

## VI Превенција и унапредување на здравјето на стари лица

Стручни лица од Центарот за јавно здравје Скопје во установите за згрижување на стари лица во општините Аеродром, Кисела Вода и Бутел одржаа 6 предавања на 142 стари лица. Предавањата беа одржани на тема „Унапредување на здравјето на старите лица“. За таа цел беа посетени следните старски домови:

- ☑ ПУСЗ „Светла надеж“
- ☑ ПУСЗ „Мирkоски“
- ☑ ПУСЗ „Жана С“
- ☑ ПУСЗ „Лабос“

Во првото полугодие од оваа година се изготвени два флаери на следните теми:



**Дом за стари лица „Светла Надеж“ – општина Кисела Вода**



**Дом за стари лица „Лабос“- општина Кисела Вода**

## VII Изготвен едукативен материјал

Во првото полугодие од оваа година се изготвени два флаери на следните теми:

1. Препораки за унапредување на ментално здравје кај децата
2. Здравствени аспекти на електронска цигара

---

Август 2019,Скопје

Изготвил: Прим. д-р сци. Персида Малинска, шеф на отсек, специјалист по социјална медицина со организација и економика на здравствена заштита